РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS
Сертифициран систем според
Sistemi i certifikuar sipas
ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 04-15/12

Скопје,Shkup,Skopje 27.01.2023 година/viti/year

Врз основа на член 30 став 1, став 3 и став 5 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19) и Барањето за продолжување на добиено известување за обезбедени финансиски средства за унапредување со број 04-15/4 од 05.01.2023 година, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

# О Д Л У К А
## за мирување на постапката по Интерен оглас број 01/2022 за унапредување тројца (3) административни службеници

1. Започнатата постапка за унапредување на 3 (тројца) административни службеници во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по објавен Интерен оглас број 01/2022 се става во **мирување.**

2. Оваа Одллука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 30.12.2022 година на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и на веб страната на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2022 за унапредување на 3 (тројца) административни службеници.

Од причина што постапката за унапредување од 2022 година продолжи во 2023 година, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер до Министерство за финансии со број 04-15/4 од 05.01.2023 година достави Барање за продолжување на добиното известување за обезбедени финансиски средства за унапредување во тековната 2023 година.

До денес од Министерството за финансии не е добиено известување за обезбедени финансиски средства за унапредување во тековната 2023 година, поради што постапка за унапредување во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по Интерен оглас број 01/2022 се става во мирување.

Постапката по интерниот оглас ќе продолжи по добивањето на согласноста од Министерството за финансии.

Имајќи го предвид горе наведенето се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Директор,**

**Пламенка Бојчева**

**Доставено до:**
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk